МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

# П Р Е Д Л О Г
на Закон за изменува и дополнување на Законот за вршење на занаетчиската дејност

Скопје, мај 2010 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКНОТ

Условите и начинот на вршење на занаетчиска дејност и здружување на занаетчиите се уредени со Законот за вршење на занаетчиската дејност ( Сл.весник на Република Македонија бр.62/2004 и 55/2007)
Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на намалување на висината казните за стопанските субјекти за прекршување на предметниот закон и класификација на казните со цел да се олесни казнената политика и да се излезе во пресрет на барањата на стопанствениците и бизнис заедницата.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на предложениот закон е да се намали висината на казните за стопанските субјекти за прекршување на законот и да се изврши класификација на казните.
Законот чие донесување се предлага се заснова на истите начела на кои се заснова и основниот текст на законот.
Преложените измени на законот ги содржат следните решенија :

- се намалува висината на глобата за сите прекршоци за 50%
- се врши рангирање на прекршоците во три нивоа и тоа, административни престапи со проценета незначителна опасност за кои се дава укажување а сторителите подлежат на дополнителна едукација, за неотстранување на неправилностите следат натамошни дејствија како за сторен прекршок.Прекршоци со проценета значителна опасност за кои веднаш се отпочнува со предвидена прекршочна постапка и се изрекува глоба и прекршоци кои предизвикуваат потешки последици и за кои покрај казната глоба се изрекува и споредна мерка забрана за вршење на дејност.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за дополнување на Законот за занаетчиската дејност не предизвикуваат фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложените изменувања и дополнувања на Законот за вршење на занаетчиската дејност не е потребно обезбедување на финансиски средства, ниту материјални обврски за одделни субјекти.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКАТА ДЕЈНОСТ

## Член 1

Во Законот за занаетчиската дејност („Службен весник на РМ” бр. 62/2004 и 142/2007) членот 48 се менува и гласи :

“Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека е сторена неправилност од член 52 -а Државниот пазрен инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во определен рок и со едновремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата.

Едукацијата ја организира и спроведува Државниот пазарен инспекторатот, односно органот кој што го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од 8 дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилност за еден или за повеќе субјекти.

Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

Доколку државниот пазрен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

Доколку државниот пазрен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од став 1 од овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

Државниот пазрен инспекторатот, односно органот кој што го извршил инспекцискиот надзор и кој што ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлен за вршење на рботите од областа на економијата. “

Член 2

Членовите 49,50,51 и 52 се бришат.

Член 3

Членот 52-а се менува и гласи :

"Глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на вршителот на занаетчиската дејност ако :

1.врши дејност од член 5 став 1 и 2 од овој закон;
2. просториите не ги исполнуваат условите определени во членот 6 став 1 на овој закон;
3. не ја пријави исполнетоста на минималните технички услови ( член 7)
4. дејноста се врши од лице кое не ги исполнува условите од членот 10 на овој закон;
5. не ја пријави промената на адресата на своето седиште како и бројот на простории ( член 16 став 3);
6. врши занаетчиска дејност што не е означена во решението за упис во регистарот ( член 18);
7. на видно место не го истакне работното време и не се придржува на определеното работно време ( член 19 точка 3), и
8. нема на видно место истакната фирма ( член 20 став 1)

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност и на одговорното лице кај вршителот на занаетчиската дејност .

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 150 евра во денарска противвредност на занаетчијата.

Државниот пазарен инспектор за прекршоците од став 1 на овој член, во мандантна постапка е должен на сторителот на прекршокот да му врачи покана за плаќање на глоба во рок од осум дена од денот на врачување на поканата.

Ако сторителот доброволно не ја плати глобата од овој член, државниот пазарен инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка."

Член 4

Членот 53 се менува и гласи :

"Глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на занаетчиската дејност ако:

1. не ја врши дејноста согласно со прописите и деловните обичаи (член 19 точка 1);
2. на видно место не истакне ценовник на своите производи односно услуги (член 19 точка 2);
1. не гарантира за квалитетот на производите односно услугите согласно со одредбите од Законот за заштита на потрошувачите (член 19 точка 4);

4. ако не поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали (член 19 точка 5);и
5. не води евиденција за продадените стоки и услуги (член 19 точка 6).

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност и на одговорносто лице кај вршителот на занаетчиската дејност .

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност на занаетчијата.

За прекршоците утврдени во став 1 на овој член државниот пазарен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до Прекршочната комисија.”

Член 5

Членот 54 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на вршителот на занетчиската дејност ако:

1. врши занаетчиска дејност без да биде запишан во регистарот на занаетчии (член 2 точка 1).

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност и на одговорносто лице кај вршителот на занаетчиската дејност .

За дејствијата од став 1 на овој член ќе се изрече глоба во износ од 300 до 700 евра во денарска противвредност на занаетчијата.

Во случајот од став 1 на овој член државниот пазарен инспектор привремено ќе ги одземе предметите – стоките со кои е извршен прекршокот и ќе издаде потврда за привремено одземените предмети – стоки.

За прекршокот утврден во овој член државниот пазарен инспектор е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка до надлежниот суд.”

Член 6

Членовите 54-а и 54-б се бришат.

Член 7

Подзаконскиот акт предвиден во овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.`

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ НА ЗАНАЕТЧИСКАТА ДЕЈНОСТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ ЗАКОН

Предложените измени и дополнувања на овој закон се во насока на намалување на висината на казните за стопанските субјекти за прекршување предметниот закон и класификација на казните со цел да се олесни казнената политика и да се излезе во пресрет на барањата на стопанствениците и бизнис заедницата.

Со измените се врши намалување на глобата за 50%, и се интервенира во делот на надзорот и казнените одредби од законот, така што се врши рангирање на прекршоците со воведување на укажување за сторениот прекршок и врачување покана за едукација за прекршоци проценети со незначителна опасност, во постапка пред воведување на прекршочна постапка.

Со членот 1 од Предлог законот се врши измена на член 48 од Законот, така што ако Државниот пазарен инспектор при вршењето на надзорот утврди дека занаетчијата сторил некоја неправилност утврдена во член 52-а, ќе укаже за утврдените неправилности и ќе остави рок од 8 дена за нивно отстранување.Покрај укажувањето задолжително ќе се остави покана за да се провери дали се работи за прво укажување, кое треба да се внесе во евиденцијата и да се овозможи едукација на правното лице.

Со член 2 од Предлпог законот се врши бришење на членовите 49,50,51 и 52.

Со член 3 од Предлог законот се врши измена на член 52-а од Законот, предвидено е и плаќање на глоба на лице место со врачување на покана во износ од 200 евра во денарска противвредност за вршителот на занаетчиската дејност и 100 евра во денарска противвредност на самото место за одговорното лице во правното лице и 150 евра во денарска противвредност за занаетчијата која сторителот треба да ја плати во рок од 8 дена.

Во случај на неплаѓање во определениот рок Државниот пазарен инспектор е длолжен да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.Надлежен орган е прекршочна комисија.

Со член 4 од Предлог законот се менува член 53 од законот и се врши групирање на прекршоците со проценета значителна опасност, за кои се изрекува глоба во износ од 700 евра во денарска противвредност ако Државниот пазарен инспектор при вршењето на надзорот утврди дека вршителот на занаетчиската дејност сторил прекршок надлежен орган за изрекување на овие прекршоци е Прекршочната комисија.

Предвидено е и плаќање глоба на лице место со врачување на на покана во износ од 200 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и 500 евра за занаетчиската дејност кој сторителот треба да ја плати во рок од 8 дена.

За овие прекршоци Државниот пазарен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување пред да поднесе барање за прекршочна постапка.

Со членот 5 од Предлог законот се менува член 54 од Законот така што се предвидени прекршоци кои се категоризирани како потешки прекршоци за кои е

предвидена глоба во износ од 1.500 до 2.500 евра во денарска противвредност за правното лице и 500 евра во денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и од 300 – 700 евра во денарска противвредност за занаетчијата. За прекршоците се предвидени и дополнителни санкции забрана за вршење на дејност на правното лице и одземање на предметите – стоките.
Со членот 6 од предлог законот се врши бришење на членовите 54 –а и 54-б.
Со членот 7 се предвидува во рок од 15 дена од денот на примената на овој закон да се донесе подзаконски акт кој е предвиден со овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со изменувањето и дополнувањето на Законот за вршење на занаетчиската дејност се предвидува изменување на веќе постоечки одредби на законот, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и се однесуваат на истата работа.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања на законот ќе се намали висината на казните за прекршување на одредбите од истиот за стопанските субјекти и намалување на последиците од изречените казни по финансиската состојба на истите, а воедно и ублажување на последиците од светската економска криза.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ НА ЗАКОНОТ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Член 48**

Ако физичкото лице врши дејност без да е запишано во Регистарот на занаетчии,државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе му нареди на физичкото лице,во рок од 15 дена да изврши упис во регистарот на занаетчии.
Ако во рокот од став 1 на овој член физичкото лице не постапи по наредбата, државниот пазарен инспектор ќе донесе решени со кое ќе го забрани вршењето на дејноста.

**Член 49**

Ако занаетчијата и вршителот на занаетчиска дејност од членот 5 став 1 и 2 ја вршат својата дејност надвор од просториите за работа, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе се забрани вршењето на дејноста во време траење од 60 дена.
Против решението од став 1 на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.
Жалбата од став 2 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 50**

Ако занаетчијата не го пријави исполнувањето на пропишаните минимални технички услови, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе определи рок за пријавување на исполнување на минималните технички услови.” Ако просториите кои служат за вршење на занаетчиската дејност не ги исполнуваат пропишаните минимални технички услови, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение со кое ќе определи рок од 15 дена за отстранување на утврдените недостатоци.
Ако недостатоците утврдени во ставот 2 на овој член, не се отстранат во определениот рок од ставот 2 на овој член, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение за забрана на вршење на занаетчиската дејност во траење од 60 дена.
Жалбата против решението од ставовите 1, 2 и 3 на овој член може да се изјави до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на занаетчиството во рок од 15 дена од денот на приемот.
Жалбата од ставот 3 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 51**

Ако државниот пазарен инспектор при вршењето на надзорот утврди дека занаетчиската дејност се врши од лице кое не ги исполнува условите од членот 10 на овој закон ќе донесе решение за забрана на вршење на дејността се до исполнувањето на условите.

**Член 52**

Ако државниот пазарен инспектор при вршење на надзорот утврди дека занаетчијата и вршителот на занаетчиската дејност:

- вршат занаетчиска дејност што не е означена во решението за упис во Регистарот на занаетчии односно регистрирана во трговскиот регистар;
- не истакнале на видно место ценовник на своите производи односно услуги;
- не ја пријавиле промената на адресата на своето седиште;
- не ја вршат дејноста согласно со прописите и деловните обичаи;
- не гарантираат за квалитетот на производите односно услугите согласно со одредбите од Законот за заштита на потрошувачите;
- не го истакнат работното време на видно место и не се придржува на определеното работно време
- немаат на видно место истакната фирма;
- не го пријават исполнувањето на минималните технички услови;

ќе донесе решение во кое ќе се определи рок за отстранување на утврдените недостатоци.

Ако недостатоците утврдени во ставот 1 на овој член не се отстранат во определениот рок од ставот 1 на овој член, државниот пазарен инспектор ќе донесе решение за забрана на вршење на занаетчиската дејност во траење од 60 дена.

Жалбата против решението од ставовите 1 и 2 на овој член може да се изјави до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на занаетчиството во рок од 15 дена од денот на приемот.

Жалбата од ставот 3 на овој член не го одлага извршувањето на решението.

**Член 52-а**

За прекршоците утврдени во членовите 54-а и 54-б од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува државниот пазарен инспекторат (во натамошниот текст:прекршочен орган).

Прекршочната постапка од став 1 на овој член пред прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст:прекршочна комисија), составена од службени лица овластени од страна на министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за работите од областа на занаетчиството.

Ако инспекторот при вршењето на надзорот утврди дека е сторен прекршок, е должен да му предложи на сторителот на прекршокот постапка за порамнување, пред да поведе барање за поведување на прекршочна постапка, согласно со одредбите на Законот за прекршоците.

**Член 53**

Глоба од 500 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на занаетчијата ако:

1. врши занаетчиска дејност без да биде запишан во регистарот на занаетчии (член 2 став 1),
2. просториите не ги исполнуваат условите определени во членот 6 став 1 од овој закон;
3. дејноста се врши од лице кое не ги исполнува условите од членот 10 од овој закон и
4. врши занаетчиска дејност што не е наведена во решението за упис во регистарот (член 18).

**Член 54**

Глоба од 2500 до 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на занаетчиска дејност ако:

1. просториите не ги исполнуваат условите определени во членот 6 став 1 од овој закон и
2. врши занаетчиска дејност без да го исполни условот од членот 10 став 3 од овој закон.

Глоба од 350 до 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице кај вршителот на занаетчиската дејност за дејствијата од став 1 на овој член.

**Член 54-а**

Глоба од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на занаетчијата ако:

1. не ја пријави исполнетоста на минималните технички услови (член 7);
2. не ја пријави промената на адресата на своето седиште како и бројот на простории (член 16 став 3);
3. не ја врши дејноста согласно со прописите и деловните обичаи (член 19 точка 1);
4. на видно место не истакне ценовник на своите производи односно услуги (член 19 точка 2);
5. на видно место не го истакне работното време и не се придржува на определеното работно време (член 19 точка 3);
6. не гарантира за квалитетот на производите односно услугите согласно со одредбите од Законот за заштита на потрошувачите (член 19 точка 4);

7. ако не поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали (член 19 точка 5);
8. не води евиденција за продадените стоки и услуги (член 19 точка 6) и
9. нема на видно место истакната фирма (член 20 став 1).

**Член 54-б**

Глоба од 1000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот на занаетчиската дејност ако:

1. не ја пријави исполнетоста на минималните технички услови (член 7);
2. не ја врши дејноста согласно со прописите и деловните обичаи (член 19 точка 1);
3. на видно место не истакне ценовник на своите производи односно услуги (член 19 точка 2);
4. на видно место не го истакне работното време и не се придржува до него (член 19 точка 3);
5. не гарантира за квалитетот на производите односно услугите согласно на одредбите од Законот за заштита на потрошувачите (член 19 точка 4);
6. не поседува соодветна документација за набавените стоки и материјали (член 19 точка 5) и
7. не води евиденција за продадените стоки и услуги (член 19 точка 6).

Глоба од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице кај вршителот на занаетчиска дејност за дејствијата од став 1 точка 1,2, 3, 4 и 5 на овој член.